## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 ноември 2001 година

Седницата се одржа во сала I на Собрнаието на Република Македонија, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господо пратеници,

Ја отворам Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Јовановска и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата од системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Со електронсмкото броење се утврди дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и со тоа Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, г-динот Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, претседателите на основните судови во Гостивар и Дебар.

Оваа седница е свикана по барање на Комисијата за прашања на изборите и именувањата заради разгледување на предлози за избори и разрешување на претседатели и носители на судиски функции, кои подолго време се во собраниска процедура, со што ќе се овозможи непречена работа на судската власт.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлози за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија, предлог на одлука за покренување на постапка за резрешување од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево, Предлог на одлука за покренување на постапката за разрешување од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид, Предлог на одлука за огласување на именување на заменици на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје или Штип, Предлог на одлука за огласување на именуваше на заменици, јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија и Предлог на одлука за огласување на именување на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

Предлозите Ви се доставени.

Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именува-њата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Пред да ги објавам резултатите од гласањето, Ве молам да го провериме бројот на присутните пратеници во салата, за да знаеме дали да го прифатиме гласањето.

Ги молам службите да извршат пребројување на присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето)

Во салата се присутни 65 пратеници, што значи резултатот од гласање е исправен.

За предлогот гласале 53 пратеници, 1 против, и 6 воздржано.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

За збор се јави пратеникот Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Видејќи претседателот на Собранието г.Стојан Андов, во постапката на работењето изгледа Собранието го направи како негова лична сопственост, па ги закажува седниците така како што на него му одговара, јас имам предлог пред да се почне со оваа седница, да завршиме со Осумдесет и осмата седница, каде што имаме ратификации и неколку други закони, па би сакал мојот предлог да се стави на гласање пред да почнеме со оваа седница да продолжиме со Осумдесет и осмата седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова го одредува претседателот, јас не можам тоа ниту да го избегнам ниту да го одбијам или прифатаи. Меѓутоа, во разговор со него, оваа седница ќе се заврши и во петок или понеделник ќе се продолжи со таа седница.

Утре е договорено да биде слободен ден, ако овој дневен ред денес го завршиме и така ќе тече работата.

Процедурално, има збор г-дино Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине потпретседателе вие го слушнавте предлогот на г.Таири и сметам дека треба да го ставите на изјаснување бидејќи деловнички вие сте обврзан тоа да го направите и сметам дека е опортуно додека не се расчистат некои прашања кои се поврзани со дневниот ред на денешната седница, да ни се даде можност Собранието да работи по другите точки, а во меѓувреме да се согласиме околу дневниот ред за 93-та седница, бидејќи знаеме дека имаме и Извештај на Комисијата за изборите и именувањата кој не е усогласен, односно ги отфрла одредени предлози на Републичкиот

судски совет. Имаме и други забелешки на министерот и на Министерството за правда за истото прашање и сметам дека во меѓувреме треба тие прашања да се расчистат, а потоа во пакет сите прашања да се разгледаат.

Затоа, сметам дека е опортуно да се прифати предлогот на г.Таири, Собранието да продолжи со расправа по точките што останаа од Осумдесет и осмата седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално да решава Собранието кога претседателот ќе ги закажува седниците според Деловникот не е допуштено. Претседателот единствено ги закажува седниците.

Во однос на другиот ваш предлог, Собранието го утврдува дневниот ред со гласање. Ако не се усогласиме да го усвоиме дневниот ред, нема што да го молиме претседателот да закажува нова седница.

Повторно за збор се јави г.Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Во контекст на тоа што го кажа г.Насер Зибери, мислам дека треба предлогот што го дадов да се стави на гласање дали да се почне со оваа седница или да се продолжи со 88-та седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Пак не се разбравме. Ако Собранието не го усвои дневниот ред, нема да продолжи. Откако ќе се усвои дневниот ред, ако предложите да не се работи по него, тогаш да го ставиме тоа на дневен ред и да го гласаме.

Продолжуваме со работа. Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Гостивар.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 71 пратеник, од кои 66 за, 4 воздржано и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлагам предлогот на дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласал 71 пратеник, од кои 59 за, 9 против, и три воздржано.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Замир Дика бара збор процедурално. Меѓутоа, процедуралното треба да се однесува на примената на Деловникот, а не на примена на политиката.

Процедурално има збор г.Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, сакам уште еднаш да го искажам нашиот принципиелен став за работата на Собранието. Секогаш кога започнува нова седница еден час има пратенички прашања и мислам дека би требало да се придржуваме кон тоа. Мислам дека пратеничките прашања се многу важна институција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Така стои во Деловникот, меѓутоа, ние изгласавме да не се дополнува дневниот ред. Она што е предложено, тоа го изгласавме сега, и приговорот е безпредметен.

- За денешната седница го предлагам следниов

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Штип;
2. Предлози за избор на судии на Апелациотниот суд во Скопје и на Апелациониот суд во Битола;
3. Предлози за избор на претседатели на основните судови во Берово, Велес, Виница, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Неготино, Прилеп, Радовиш, Ресен, Скопје 1-Скопје, Скопје 11-Скопје, Струга и Струмица;
4. Предлог за избор на судии на основните судови во Битола, Гевгелија, Кавадарци, Кратово и Тетово;
5. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Гостивар;
6. Предлози за разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија;
7. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје;
8. Предлози за разрешување на судии на Апелациониот суд во Битола;
9. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Штип;
10. Предлози за разрешување на судии на Основниот суд во Струга;
11. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кавадарци;
12. Предлози за разрешување на судии на Основниот суд во Штип;
13. Предлози за разрешување на судии на Основниот суд во Охрид;
14. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје 1-Скопје;
15. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Крушево;
16. Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Дебар;
17. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;
18. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;

19. Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на Основниот суд во Битола и на Основниот суд во Кратово;

20. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;

21. Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на Основниот суд во Охрид и на Основниот суд во Крушево;

22. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Гостивар, Кавадарци, Прилеп, Скопје 1-Скопје и Струга;

23. Предлог за именување директор на Агенцијата за државни службеници.

24.Предлози за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија;

25.Предлог за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево;

26.Предлог за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Охрид;

27. Предлог на одлука за огласување именување на заменици на Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје и Штип;

28. Предлог на одлука за огласување именување на заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија;

29. Предлог на одлука за огласување именување на Виш Јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје.

30. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Гостивар.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Од вкупно присутни 85 пратеници, гласале 74, од кои 65 за, 6 против, и 3 воздржано.

Констатирма дкеа дневниот ред е усвоен.

Минуваме на точката 1. - Предлог за избор на претседател...

Господинот Замир Дика бара збор.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, оваа седница е свикана и од еден од нашите пратенииц го слушнавте коментарот за ваквиот начин на свикување на седници без консултација. Јас сметав дека сега ќе почнеме да воспоставуваме принципиелни основи на продолжување особено на работата на Собранието, одговорно и да го напуштиме трендот на непринципиелности, кој го имавме досега.

Исто така, знаете дека оваа свикана седница беше закажана пред неколку месеци и тогаш имавме забелешки во однос на предложените кандидати од Судскиот совет за претседатели на судови или судии. Тогаш, нашата забелешка беше во тоа од сите што се предложени не е застапена етничката припадност, барем да личи малку. Особено сега, амандманот VI на новиот Устав на Република Македонија вели: соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа што значи ова? Јас разбирам дека сите институции, јавни државни институции треба полека да предложат програми, базирајќи се на стручноста и компетентноста на оние функции на кои се базираат овие предлози во било која институција, да предложат програми со кои во одреден рок таа застапеност полека ќе почне да се надминува и да личи на правична застапеност, да повторам уште еднаш, базирајќи се на компетентност и стручност. Сега веднаш првиот ден ние се соочуваме со непринципиелност барем во однос на овој член на Уставот на Република Македонија. Без никаква консултација тоа е направено. Јас не сакам да навлегувам во аргументите кои ги имал Судскиот совет како предлагач, но ова е во доменот на одлуки кои ги донесува Собранието, значи разрешува и именува и во тој контекст, во името на пратеничката група барам најмалку 30 минути или еден час пауза. Ние сакаме да го изградиме нашиот став, ако се остане на овој дневен ред вака како што е предложен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова е утврдено како практика и не сакаме сега да го нарушуваме.Затоа, давам пауза од еден час и со работа ќе продолжиме во 13,15 часот.

(Паузата започна во 12,15 часот)

(По паузата)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Замир Дика вие баравте пауза.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, ние баравме пауза и ќе образложам како се договоривме ние како пратеничка група.

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Значи, ние разговаравме во пратеничката група и имаме конкретен став конкретен предлог, тоа ќе го кажам на крајот, сакам да го образложам тоа. Ние, во судскиот совет, кој ги предлага претседателите на судовите или судиите, имаме двајца претставници. Тие двајца претставници, базирајќи се на принципите на сразмерна застапеност на сите етнички групи што се однесува до судството, базирајќи се врз компетентност и стручност, ги искажале своите забелешки и сугестии за тоа дека судскиот совет како орган, навистина треба да го има ова предвид и во стратегијата на

предлагање на претседатели на судови или на судии, да се има оваа застапеност предвид. Но, тие нивни забелешки и сугестии не се земени предвид и се надгласани како и многу пати.

Еден од аргументите е дека, иако некој ги исполнува условите го бараме наквалитетното. Но да не генерализирам, а сепак имам чувство дека ако нашите судови навистина беа квалитетни или ние сме ги избрале навистина најквалитетните, ќе имавме многу поефикасно судство. Мислам дека тој аргумент само се дава кога не се сака нешто да се заврши.

Сакм уште еднаш да потсетам каква е ситуацијата во судовите.

На приемр, на ниво на вработени, а не на именувани. Во Уставен суд имаме 73 вработени, од кои само четири се од албанската етничка заедница. Во Врховниот суд од 78 вработени, нула од албанската етничка заедница. Во Апелациониот суд од 301, само 18 вработени. Во основните су-дови од 2261, само 129. Во Јавното обвинителство од 650 вработени, са-мо 21 се од албанската етничка заедница. Во Судскиот совет од шест вработени на ниво на вработени, нула. И, кај Народниот правобранител, кој е посебна институција, но сепак е поврзана со судството од 32, само двајца вработени. Тотално вработени од 3401, само 174 имаме вработени од етничката албанска заедница.

Мислам дека ова се показатели кои треба самите тие органи кои ја водат стратегијата на судството и кои сакаат независно судство, навистина, треба да се размислат и да изградат стратегија долгорочна, како постепено да се излезе од оваа ситуација и да се подобри овој процент, кој навистина вака е жалосен. Само во Основниот суд Скопје I и II од 140 судии, само еден е етнички Албанец. Мислам дека навистина се показатели, кои ако се компарираат со било која земја во светот, со тие и најбедните, мислам дека нема компарација на ова и нема повеќе да коментирам. Туку, сакам да ја коментирам неспремноста на тие органи кои раководат со судството, неспремноста или немањето визија или стратегија како постепено, земајќи ја предвид таа компетентност и стручност, да се излезе од оваа ситуација.

Денеска, наместо ние после овие новите уставни промени, очекувањето на враќање на доверба, очекувањето на нова стратегија, ние треба да се изјасниме за 27 предлози претседатели на судови и судии, каде што ниеден нема од оваа етничк азаедница. Но, не сакам слошо да се разберам, туку јас сакам само да одбранам само една етничка заедница, но велам како принципиелно за сите етнички заедници застапеност. Земајќи предвид дека судовите зависат од Буџетот, партиципацијата на Буџетот и тн. мислам дека нашите констатации не можат да се оповргнат поради овие факти. Сега, Судскиот совет излегува со овие 27 предлози без никаков коментар зошто нема ниеден од друга етничка застапеност. Наместо тие деноноќно да размислуваат да градат стратегија како да се излезе од оваа ситуација и неземајќи ги аргументите дека нема доволно стручни кадри, сепак мислам дека виза ви овој процент, тоа е далеку од реалноста.

Имам една голема забелешка зошто се пристапува на овој начин. Забелешката не е само за Судскиот совет, кој не става во ваква положба да дискутираме ние по етничка основа за вакви и многу круцијални прашања, туку е исто така до новата Влада која треба да гради една нова стратегија. Знаеме дека сега сме во фаза на преговори за нова Влада, наоѓаше на нови партнери, нов начин на размислување и сите тие во контекст на стекнување на доверба, имплементирање на Рамковниот договор, имплементирање на правната држава со новите уставни амандмани и еден од тие амандмани е концизен и вели соодветна и правнична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државата власт и на другите јавни институции на сите нивоа. Додека ние сме во таа фаза на градење на една нова стратегија на стекнување на доверба, некој сака процедурално низ иглени уши да ги помине некои работи и како да не сме свесни дека навистина треба да се соочиме со една нова реалност. Претседателот на Собранието без никаква консултација, барем со потпретседателите да се има, да се види какво е расположението на пратеничките групи, ставена точка на дневен ред, која навистина запа-ѓа во овие многу сериозни забелешки што ги имаме.

Затоа, во името на пратеничката група ќе побарам да се одложи оваа седница, а нормално за тоа е надлежен претседателот на Собранието, па вие ќе оцените. Ако вие оцените дека треба да се стапи во контакт со него, да се дискутира за овој наш предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Дика.

Дали ќе ми дозволите на вашиот став мое видување.

Господине Дика, ценам...

**ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господо пратеници,

Водено е сметка за националната застапеност и Законот за судовите обврзува национална застапеност во судовите. Нема ниеден кандидат Албанец во периодот од 1996 година кога имало измени на целото судство, што е одбиен, а ги исполнувал условите. Е, сега, кога ги носиме законите тие се многу фини закони ама кога ќе ги ставиме во практика тие закони покажуваат последици. За судија на Основен суд е предвидено пет години од полагање правосуден испит. Тој можел да биде правник и 20 години и по 20 години да положи правосуден испит, па му се бара од тогаш пет години. Тоа ја отежнува работата. За претседателите, дами и господо, голема пречка е за националната застапеност

Законот за избор на претседатели, затоа што се избираат од редот на судиите во тој суд. Во тој суд може и да нема од националностите човек кој ги исполнува условите, за да го води тој суд. Јас гарантирам дека од албанците има квалитетни правници, но ги нема таму каде што ги предлагаше министерот господин Насуфи и тоа во Општински суд Скоп-је II, ги нема во Струга, ги нема во Кичево. Да ги имаше, тогаш со најголемо задоволство ќе ги предложевме. Да ви кажам искрено, од албанските правници повеќе има за врховен суд што исполнуваат услови, отколку за претседатели за основните судови. Има добри правници и во Апелациониот суд. Има добри правници и во адвокатурата. Овој закон ни ги врза рацете. Во овој совет двата кандидати што се албанци, членови се конструктивни и стручни и се залагаат максимум, ама тие знаат што е закон. Тие видоа каде е проблемот. Проблемот е во законската регулатива. Немојте да мислите дека некој некого негира. А, тоа за службениците, за администрацијата, верувајте ние не сме ни овластени да разговараме. Верувајте ми ако разговарам за администрацијата, тоа би било неупатно.

Дами и господо пратеници, ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам потпретседателе.

Господине претседателе на Судскиот совет, јас сепак, со почит кон вас како личност вие сами рековте дека во Законот за судови има децидна обврска да се запази националната застапеност. Тоа е сигурно 10, 20 или 30 години како такво, а кога ги читам процентите на застапеност сега велам дали е доволно тоа да има таква одредба, а самите тие институции, кои се надлежни тоа да го направат, гледајќи ги резултатите, тој може да има 10 такви одредби, а да не се респектираат. Јас ги гледам резултатите 1%, 2%, а тоа е една голема популација. Значи ако има одредба, тогаш проблемот е во личностите кои ги водат тие институции или во самата институција. Зошто 20 години не се размислувало барем да личи процентот. Сега, вие оваа наша забелешка треба да ја сфатите добронамерно. Сега вам и на сите ни се дава можност да изградиме стратегии како да излеземе од оваа ситуација. Ако ние не мислиме да излеземе од оваа ситуација, на пример, во основните судови во Скопје од 140, само еден да има, сите ние треба да сме загрижени што не чини. Во таа наша стратегија за излегување од криза квалитетно и без предрасуди треба да се внесе и начинот на прибавување на кадри и достигнување на тие вредности кои треба да се тука. Затоа, сепак, не се согласувам, затоа што резултатите кажуваат поинаку. Има информации дека во Гостивар имало кандидати албанци. Во Скопје Основниот суд, Скопје II, исто така имало кандидат. Во Кичево, еве колегата Бајрами вели овде дека имало три предлози албанци кои ги исполнуваат условите за да бидат потпретседатели на су-дии. Исто така, во Струга знам дека имало луѓе мислам судии кои ги исполнуваат условите, а за Гостивар да не зборувам дека има. Значи, сепка, јас ги имам информациите дека имало претставници. Сега, можете да кажете дека тие не се најквалитетните. Јас ви реков за квалитетот меѓутоа, да имавме ние навистина квалитетни претседатели на судови и судии, ќе имавме поквалитетно и поефикасно судство. Тоа е генерална оценка не само кај нас туку и на Меѓународната заедница дека немаме квалитетно судство. Затоа мислам дека тоа не е аргумент со бајпас, со такви аргументи, морални аргументи ние да продолжиме со таа страгегија. Јас сакам со ова да ви обрнам внимание дека навистина треба сериозно да размислиме, овие важни институции, од ова зависи, ние зборуваме, па не сме, правната држава треба да функционира. Ова е еден дел многу важен дел од тоа како ќе функционира правната држава. Ако ние не ги запазиме овие аргументи, тогаш нема што да бараме ние од правната држава. Мислам дека навистина треба да биде поента за размислување и јас со барањето за одложување, барам навистина да си седнеме, да разговараме да видиме како ќе почнеме за да излеземе од оваа ситуа-ција и да не го продолжуваме трендот на формалности безниаккви практични резултати.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега, повелете уште еднаш како предлагач на предлогот, ова е процедурална работа за утврдубвање и тек на седницата.

**ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:**

Дами и господо пратеници,

Овде Републичкиот судски совет предлага разрешување на судии поради исполнување на услови за пензија. За некои судии се бара разрешување, поради слично барање, а има и кои што се поради несовесност и нестручност. Тоа би било на линијата на овој предлог и нив ако ги разрешиме, а Законот обврзува, тогаш ќе можеме да почнеме да работиме на ниво на застапеност.

Инаку, судовите повеќе неможат да функционираат. Овие луѓе, овие судии што исполниле услови за пензија со една жалба само дека тој човек исполнил услови за пензија, паѓа пресудата и неможат да работат. Исто и за овие што имаме дадено предлог за разрешување и тие неможат да судат. Судството скроз се блокира. Шансата ни е сега, пет судии предлагаме за разрешување, поради одење во пензија во Врховниот суд. За еден судија се предлага од Апелациониот суд во Скопје, поради одење во пензија и еден во Штип за одеше во пензија. Имаме и судии кои се од основните судови и кои сами бараат заминување, не сакаат да ра-ботат во судството, сакаат да им престане судската функција. Па ова е шансата да помогнеме на онаа линија што не обврзуваат новите амандмани и тоа за иднина. Ова е токму шанса за тоа.

Верувајте ми, големо разбирање Републичкиот судски совет и судиите имаат за овој вакум досега што се создаде. Знаете каква беше ситуацијата. Таа беше многу тешка. Меѓутоа, повеќе одалгање ќе доведе до сосема блокирање на судската функција. А, Европа, ние сме на пат за Европа тие ни бараат судење без одлагање судење во разумен рок. Досудуваат Европскиот суд штети за судење во неразумен рок. Па, ние уште ли штетите да ги трпиме. Верувајте ми, штом ја потпишавме Конвенцијата за човекови права и штом ги прифативме одлуките на Европскиот совет, Европскиот суд, тоа значи дека ние треба да се спремаме за Европа. А патот, она што го кажа Замир Дика е тој пат за Европа. И треба да го почнеме тој пат. Со одлагање само губиме. Дами и господо, јас мислам дека доволно објаснив дека има многу големи причини да се одржи оваа седница и предлозите на Судскиот совет,по предлозите да се одлучува.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, се јавувате овде, некои процедурални прашања.

Има предлог на една пратеничка група, на вас господо од ПДП нема да ви дадам да правите овде маркетинг. Овде говориме дали ќе прифатиме или нема да прифатиме.

(бурни реакции од место со дофрлања)

Мене ништо не ми е.

Една работа, само ќе ви соопштам...

(Дофрлање од место)

Нема процедура, нема ништо.

Господо, го исслушавме претсадателот на Републичкиот судски совет...

(бурни реакции од место со дофрлања и барања да се дискутира)

Немате дискусија. Бара одлагање на седница.

Господо...

(бурни реакции од место со дофрлања и приоѓање кон говорницата)

Ама, седи таму. Кој те прашува.

(бурно реагирање на поедини пратеници со барање да добијат збор)

Ќе говориш кога ќе добиеш збор. Тоа е правилото на ова Собрание.

Ве молам, се обраќам до предлагачот, за одлагање на седницата. Законот за судовите, во основа кој бара да се преиспита во основа, како говори предлагачот, да се изменат некои одредби од него. Тој се донесува со двотретинско мнозинство.

(дофрлувања од место)

Господо, ве молам, имаме проблем со луѓе кои се јавиле да се запишат во Именик на адвокатите. Упис во Именик на адвокати се врши во декември, до 5 декември. Ако овие луѓе ги разрешиме после 5 декември оваа година...

(бурни реакции со дофрлања од место)

Господо, ако сте болни одете на доктор, оставете ме да говорам. Срамота е.

Ве молам, тие луѓе бараат упис во Именик и бараат по нивна согласност да се разрешат. Тоа е едно.

Второ, ве молам, го ставам предлогот на предлагачот за одлагање на седница, на гласање.

Ве молам да гласаме, кој е за седницата да се одложи.

Гласале вкупно 74 пратеници, 12 да се одложи, 5 се воздржани и 57 против.

Продолжуваме по дневниот ред.

(реакции и негодувања во салата)

Ве молам, дозволете, по дневниот ред, ќе го утврдиме па тогаш.

(реакции и дофрлања од место)

Минуваме на точката 1 - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд - Штип.

(бурни реакции со дофрлања од место)

Дозволете, ако и понатаму господине го нарушувате редот ќе ве отстранам, да знаете.

(бурни реакции)

Предлогот за извор на претседател на Апелациониот суд - Штип, отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

(бурни реакции во салата)

Ве молам, пријавете се.

(повеќе пратеници се јавуваат барајќи збор)

Во однос на што?

За предлогот?

Има збор г. Мухамет Таири.

**МУХАМЕТ ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Бидејќи седницата зема тек на несигурно водење, јас се пријавив во својство на реплика на претседателот на Судскиот совет, но тоа што мислев јас да го кажам, ќе му го отстапам местото на координаторот на пратеничката група на ДПА, Замир Дика да е изјасни. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, моето барање беше, според Деловникот се знае кој има право да свикува седници и да ги води седниците. Тоа е претседателот на Собранието. Ви дадов сугестија вие

да са консултирате со претсадателот на Собранието, тоа е навистина сериозна констатација, ако тој по нашите забелешки одлучи да ги прифати, ќе ја одложи седницата. Тоа беше мојот предлог. Да направиме една пауза, ако вие оцените дека треба да се консултирате со него, заради овие сериозни забелешки и да му пренесете. Затоа што Собранието не одлучува дали ние ќе продолжиме денеска или не. Тоа е во ингеренции на претседателот на Собрнието, според Деловникот.

Извинете што упаѓам во процедурата, забелешката ми беше таа, да направиме една пауза, да се консултирате, ако вие оцените, со претседателот на Собрнието и ако тој одлучи да ја одложи, нека не извести што побрзо може. Благодарам.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Колега Дика, за тоа се гласаше сега. Има збор г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван потпретседателе,

Ние го исслушавме претседателот на Судскиот совет и тој ги изнесе аргументите во однос на тоа колку ние може да веруваме или колку можат тие аргументи да бидат точни, тоа е друга работа.

Меѓутоа, еден е фактот дека вака како што е поставено не можеме ние да работиме од причина што законските обврски не задолжуваат поинаку да работиме. Улогата на Судскиот совет не ја гледам како пасивна улога што треба пасивно, кој како конкурира и како ги поставува прашањава. Туку, едноставно, активно, кој ќе се погрижи, што е и работа на Судскиот совет, да се погрижи и за таа императивна норма што е пропишана во законот за соодветна етничка и национална застапеност.

Сега, во прилог да се надмине состојбата, имам разбирање кон тоа дека некои кои по сопствена волја бара да се разреши, треба да се разреши. Или право на пенција итн. Меѓутоа, ние вака мора да работиме. Прво да пристапиме кон предлогот за разрешување, значи како посебна точка, а за именување, таа работа треба малку да почека и да се договориме, се во прилог на законската содржина.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Имаше предлог Билали, дали ќе го ставите на изјаснување, ќе го земете предвид, не? Да се помине на точките разрешување и огласување, а именувањата да се изостават од оваа седница за да можеме ние да се усогласиме или не го земате во предвид? Ако не го земате, тогаш ќе дискутираме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За овој предлог го молам претставникот на Судскиот совет да се произнесе.

**ЈОРДАН ДЕСКОСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Таа постапка може да се почитува но, на оваа седница. Тие што ќе ги разрешиме некој треба на нивно место да работи. Ние ќе избираме после на нивно место. Сега да ги изереме овие кои се предложени за избор, а овие што ги разрешуваме на нивно место ќе избереме луѓе. Ви гарантирам за Врховен суд ќе ви избереме судии, имате за таму, квалитетни луѓе имате. Што да ви кажам дека е така. Ќе избереме.

Верувајте, кога јас живеев со албанците во Охрид, бидејќи сум од Охрид, многу од вас не бевте родени. А јас, како брат живеев со нив. Ги почитувам многу, имам причина да ги почитувам, а посебно Насер Зибери имам посебна причина да го почитувам.

Сега, ако не ги избереме овие судии, тие не се само за Западна Македонија, тие се и во источниот дел и во другите делов, тогаш функцијата судска власт верувајте ќе биде блокирана.

Ви благодарам, почитувам тоа, прво разрешување па после избирање, ама на оваа седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, само прераспоредување на начин како ќе работиме.

Првата точка иде само за разрешување. Да го прифатиме тогаш ова што навистина треба да им се помогне на луѓето кои сами бараат разрешување па понатаму да одиме и со назначувањето.

Дали се прифаќа овој предлог?

Прво да поминеме на разрешување па потоа да продолжиме што ќе избереме а што не.

Го ставам овој предлог на гласање.

Кој е за прво да се извршат разрешувања па потоа да се оди на избор, ве молам да гласаме.

(пратениците гласаат)

Не е уважено, ве молам, продолжуваме по постојниот дневен ред.

За збор е на ред г. Вејсели Абдулади.

(пратеникот Насер Зибери бара да продолжи со дискусијата)

Се откажавте од дискусијата.

Добро, повелете, сме на точка 1 - Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд - Штип.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

За жал, изгледа нема разбирање, предлогот беше конструктивен за да се деблокира работата на Собранието и да не ги доведеме господата судии кои бараат разрешување по нивно барање или ги исполнуваат условите и да се помине после на изборот, притоа да имаме простор да се усогласиме. Но, за жал, на секој предлог изгледа се оди "на ѓон" без оглед на последиците, па сум принуден да дискутирам иако лично ценев дека предлогот ќе биде прифатен.

Јасно е дека предлогот што е пред нас, уште од почеток создава нервози, тензии, затоа што

постапката што ја предвидува законот, Деловникот за работа на Републичкиот судски совет, Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија не се испочитувани. Тоа неиспочитување доведува до ситуација пратениците сега бурно да реагираат и затоа првата моја забелешка се упатува до отсутниот тука претседател на Собранието кој, не по прв пат, прекршувајќи ги одредбите на Деловникот за работа на Собранието, свикува на ваков начин седници на Собранието а без при тоа да бидат исполнети условите предвидени со Устав и Деловник.

Но, што е тука е и ние мора сега да се изјасниме тука како пратеници што мислиме по предлозите, кои се нашите забелешки доколку ги имаме, и, се разбира, соодветно на тоа како ќе се изјасниме. Но, да ми биде мене појасна ситуацијата ќе поставам три прашања до претседателот на Републичкиот судски совет кој може и од место да ги потврди или да ги демамтира моите наводи:

Прво, дали е испочитувана постапката утврдена во Законот за Републичкиот судски совет во однос на тоа како Републичкиот судски совет ги утврдува предлозите?

Ќе ве потсетам дека членот 2 од измените и дополнувањата на Законот за Републичкиот судски совет, меѓу другото вели - "Советот утврдува предлог за избор и разрешување на судија на седница на која присуствува министерот за правда и преседателот на Врховниот суд на Република Македонија". Моето прашање е дали министерот за правда учествувал на седницата на која се утврдени овие предлози?

2. "На седницата на советот, при утврдувањето на предлогот за избор и разрешување на судија свое мислење даваат министерот за правда и претседателот на Врховниот суд", тоа е ставот 2 на членот 2 со што беше изменет членот 11 од Законот за Републички судски совет.

Значи, моето второ прашање е дали министерот за правда има дадено мислење усно, со свое присуство на седницата, или писмено доколку бил отсутен или спречен да присуствува на седницата на Републичкиот судски совет? Моите информации кажуваат дека не. Тогаш Републичкиот судски совет направил повреда на членот 2 од измените на Законот за Републички судски совет, зошто утврдил предлози што ги доставил до Собранието без присуство на министерот за правда и без мислење на истиот.

Трето прашање, членот 211 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, меѓу другото вели - "Комисијата за прашања на изборите и именувањата, врз основа на кадровската политика што ја утврдува Собранието, ги претресува сите прашања во врска со изборите, именувањата и разрешувањата во надлежност на Собранието и општите прашања на кадровската политика во рамките на правата и должностите на Собранието на Република Македонија".

Прашувам дали Комисиајта за избори и именувања има поднесено извештај за ова прашање до Собранието на РМ и дали има изградено мислење по предлозите на Републичкиот судски совет што денеска ни е на дневен ред за изборот на претседатели на основни и апелациони судови и за изборот на судии во основни и апелациони судови во Република Македонија. Моите информации повторно зборуваат дека не, ниту има извештај, ниту има изградено мислење од страна на Комисијата за избори и именување. Што значи дека е повреден членот 221 од Деловникот за работа на Собранието на Република Макеоднија и од страна на претседателот на Собранието кој без исполнување на овие услови ја свикал седницата на Собранието и ги ставил точките на дневен ред без исполнување на претходните услови.

Слично на тоа одлуката за именување, основање на постојани работни тела на Собранието на РМ во точката 6 во која се утврдува надежноста на Комисијата за избори и именувања во ставот 2 алинеја 1 вели: Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат на поднесувањето предлози за избори и именвуања, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието. Исто така значи имаме повреда на одлуката за основање на постојни работни тела, точката 6 од истата одлука, односно ставот 1 алинеја 1 од истата одлука. Слична е ситуацијата и со Деловникот за работа на Републичкиот судски совет според кој е утврдено дека на седниците на Републичкиот судски совет кога се утврдуваат предлози за именување и разрешување на судии, присуствува министерот за правда кој е должен , односно обврзан според Законот да дава мислење по однос на предлозите на Републичкиот судски совет. Конечно во Законот за судовите стои точна одредба на која се повикаа и пратеници, а која го потврди и претседателто на Републичкиот судски совет дека при предлагањето, односно изборот на судии треба да се испочитува националната структура односно да се има во предвид при предлагањето структурата на предлозите да соодветствува на националната структура на населението. Со оглед на таквата определба која е впрочем доминантна во изминатиот период во Република Македонија која и те како е една од позитивните аспекти на градењето на Република Македонија како држава на сите граѓани, ние само пред неколку дена усвоивме амандмна 5 во кој кажавме дека структурата на органите, државните органи, вклучувајки ги и правосудните, значи и судството ќе треба да биде адекватна на структурата на населението во РМ. И сега само недела дена после усвојувањето на еден таков член, односно амандман на Уставот на Репбулика Македонија имаме предлог кој непосредно се судрува, односно ги прекршува одредбите и определбите на овој амандман. Соодветно на тоа, јас повторно ќе го прашам претседателто на Републичкиот судски совет, од 14-те предлози за избор на претседатели на основни и апелациони судови дали има еден предлог, кандидат албанец? Ќе одговорите не. Од 13-те предлози за избор на судии во

основните и апелационите судови, дали има еден предлог за избор на судија албанец? Повторно ќе одговорите, не. Како господа мислите дека ќе ја операционализираме и спроведуваме на дело оваа определба и од Уставот, односно амандманот кој го усвоивме и од Законот за судовите и сите други прописи во Република Македонија со вакви предлози какви што ги имаме.

Господинот Дика во одговорот на претседателот на Републичкиот судски совет ви спомна примери каде што во Основниот суд Струга, Основниот суд Кичево, Основниот суд 1  и 2 - Скопје има кандидати албанци кои ги исполнуваат условите за избор на претседатели на судовите. Исто така, има судии кои ги исполнуваат условите, кандидати за да се именуваат, односно изберат судии во основните и апелационите судови. Еве, јас лично ќе го прашам претседателто на Републичкиот судски совет, дали му е познат случајот на Исмаил Аки Асани од Тетово, судија со над 15 години работен стаж во судството, конкурира да биде избран судија во Апелациониот суд и е одбиен. Мислам дека не е во ред на ваков начин да ги утврдуваме предлозите и да излеземе пред Собранието за да ние како пратеници само да аминуваме. Конечно овој орган ги бира и разрешува судиите и ао таков има надлежност и да расправа, г-дине потпретседателе, и да ги изнесува своите мислења .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Насер, зборувајте за предлогот за избор на претседател.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Вие не дадовте можност ние да се искажеме. Инаку колку за информација, бидејки претседателот на Републичкиот судски совет се повика на учеството на двајцата членови на Републичкиот судски совет од редовите на албанците и во нивната стручност и конструктивност, јас да го информирам претседателот дека двајцата господа биле кај министерот за правда и ги изнеле забелешките на предлозите за кои денеска расправаме. И дека тие не се согласувале со фактот што во ниту еден предлог поднесен до Собранието нема ниту еден предлог од редовите на албанската националност и покрај тоа што тие ги исполнувале условите и за тоа Републичкиот судски совет има соодветна документација. Но, бидејки Вие тврдоглаво сакате вака да ја терате до крај оваа постапка, јас ја повикувам пратеничката група на ПДП да ја напушти оваа седница и да не присуствува во чинот на именувањето на господата судии и претседатели на основни и апелациони судови.

(Пратеничката група на ПДП ја напушти седницата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, еве јас уште еднаш ќе повторам, ќе побарам пауза од еден час. Ве молам во меѓувреме консултирајте се со претседателот на Собранието да се одложи оваа седница. Ако оваа седница не се одложи и навистина се сака да се продолжи вака, јас ве известувам дека пратеничката група на ДПА нема да учествува на оваа седница и нека се изберат тие судии без ниеден глас на албански пратеници.

(Пратеничката група на ДПА ја напушти седницата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, кога се бара уште еден час одлагање, тогаш ја прекинувам седницата. Седницата ќе продолжи утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 14,25 часот).